## Ризик од промена на девизните курсеви

**Показател:** **Валутен портфолио VaR (Value at Risk)**

| | |
|---|---|
| Датум | 31.12.2023 |
| Месечни промени на девизните курсеви | 10 годишна серија (2014-2023) |

| | |
|---|---|
| Просечен принос | 0,61% |
| Нето средства МКД | 135.206.515.965 |
| Нето средства ЕУР | € 2.198.479.934 |
| **Валутен VaR** | **-2,60%** |
| VaR износ | **€ (57.187.581)** |

| Валутна изложеност на портфолио % | |
|---|---|
| MKD | 39,78% |
| EUR | 32,89% |
| USD | 27,12% |
| CHF | 0,21% |
| **Вкупно** | **100,00%** |

| | |
|---|---|
| Банкарски сектор | € 12.142.104.943 |
| Процент од банкарски сектор | 0,4710% |







**Ризик во однос на средствата во банкарскиот сектор:**

Агенцијата утврди дека постои **низок** системски ризикот од промена на девизните курсеви.
Пресметката на Валутниот портфолио VaR укажува дека негативните курсни разлики немаат голема вредност во однос на средствата во банкарскиот сектор во државата.

**Методологија и податоци:**

За оценка на овој ризик Агенцијата усвои индикатор Валутен портфолио VaR на задолжителните пензиски фондови кој се пресметува врз основа на историски податоци за промена на девизните курсеви на сите валути во кои пензиските фондови од вториот столб имаат инвестирано и се споредува со средствата во банкарскиот сектор. Овој индикатор ја прикажува месечната промена на девизните курсеви, ги одразува пазарните движења на истите и ефектот кој го имаат промените врз портфолијата на задолжителните пензиски фондови.
Поголемите осцилации на девизните курсеви имаат поголемо влијание врз вредноста на средствата на задолжителните пензиски фондови.
Врз основа на пресметаната вредност на Валутниот портфолио VaR може да се утврди дека, земајќи 95% веројатност, со негативни варијации на девизните курсеви може да се очекува максимална загуба на вредноста на портфолиото која има **ниска вредност**, односно претставува мал процент од средствата во банкарскиот сектор и **низок ризик** за финансиската стабилост на државата.
Праговите за нивоа на ризик се утврдени врз основа на историските податоци.